РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за информатичко општество
и администрација
04-4863/10
18.12.2019 год.
Скопје

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ“ број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) државниот секретар во Министерството за информатичко општество и администрација донесе

**ОДЛУКА**
**за избор по интерен оглас број 02/2019 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Министерството за информатичко општество и администрација**

1. Раководител на сектор за развој и промоција на информатичко општество, со звање раководител на сектор и шифра на работно место УПР0101Б02000 – 1 извршител, во подгрупата на државни службеници.– 1 извршител, се избира – Розалинда Стојова

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на добиеното Известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски со архивски број 18-9527/2 од 14.11.2019 година, државниот секретар упати барање број 04-4863/1 од 22.11.2019 година, за објавување на интерен оглас за унапредување на еден административен службеник во Министерството за информатичко општество администрација. Одделението за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 02/2019 година за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Министерството за информатичко општество и администрација, објавен на ден 11.12.2019 година на веб страниците на Министерството за информатичко општество и администрација и Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници од точка 1 на оваа одлука, Комисијата за унапредување на административни службеници, формирана од страна на државниот секретар со Решение бр. 04-4863/6 од 17.12.2019 година, направи административна селекција и одржаа интервју со уредните кандидати кои што ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за

систематизација на работни места во Министерството за информатичко општество и администрација. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административна селекција број 04-4863/7 од 18.12.2019 година, за интерен оглас број 02/2019 за унапредување на 1 (еден) административен службеник, Записник за унапредување на 1 (еден) административен службеник заради спроведување на интервју по интерен оглас број 01/2019 за унапредување на 1 (еден) административен службеник, број 04-4863/8 од 18.12.2019 година и изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за интерен оглас број 02/2019 за унапредување на 1 (еден) административен службеник број 04-4863/9 од 18.12.2019 година. Врз основа на ранг листата, државниот секретар во Министерството за информатичко општество и администрација донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваниот од точка 1 на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР

Adem Avziu

**Доставено до:**
- Кандидатите
- Одделението за управување со човечки ресурси
- Архива